**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1003-224/4**

**Скопје, 07.06.2007 година**

**ДО**
**СЕКРЕТАРИЈАТОТ ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Секретаријатот за европски прашања на Република Македонија за 2006 година, на сметката за редовно работење кои се прикажани на страниците 7 и 8.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија ниту е издаден извештај за финансиските извештаи на Секретаријатот за европски прашања на Република Македонија за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој Извештај, застапувано од:
   - Радмила Шекеринска, Заменик претседател на Владата на Република Македонија задолжен за европски прашања до 11.09.2006 година,
   - Габриела Коневска Трајковска, Заменик претседател на Владата на Република Македонија задолжен за европски прашања од 12.09.2006 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните од 1 до 6, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 05.03 до 18.04.2007 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да го изрази своето мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој Извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2006 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

### 10.1. Слабости во функционирањето на системот на интерни контроли

Во оваа точка на Извештајот ревизијата ги презентира клучните наоди, ризици и контролни аспекти кои се резултат на испитувањето на ефикасноста на системот на интерни контроли.
Резултатите се добиени преку разговори со раководни лица и вработени во Секретаријатот за европски прашања, како и преку преглед на основните документи.

10.1.1. Раководството има дефинирано, но нема воспоставено надлежности за секоја организациска структура. Во Секретаријатот за европски прашања местото државен секретар е непополнето.
Во услови на непостоење на соодветен надзор во работењето, постои ризик од отстапување на контролните постапки.

10.1.2. Поради недоволната кадровска екипираност за извршување на работните задачи предвидени во Правилниците за внатрешна организација и систематизација, а за кои од Агенцијата за државни службеници има позитивно мислење, постојат преклопувања на должностите и одговорностите, односно државен советник се наоѓа во улога на раководител на сектор односно сектори.

10.1.3. Поради недоволната кадровска екипираност за извршување на материјално-финансиското работење, не постои разграничување на должностите и јасна распределба на одговорностите во извршувањето на внатрешните контроли.
Имајќи предвид дека во Правилникот за внатрешна организација и Правилникот за систематизација не е предвидено извршување на работни задачи поврзани со сметководствената евиденција, истата се води во Службата за општи и заеднички работи, односно просторно и функционално е одвоена од Секретаријатот за европски прашања.

10.1.4. Во Правилникот за внатрешна организација и Правилникот за систематизација во одделението за буџет предвидени се работните места за благајник и ликвидатор. На работно место благајник ангажирано е лице по договор за дело, односно од месец ноември 2006 година, вработено е преку Агенцијата за привремени вработувања, но и покрај изнесеното работните задачи поврзани со благајничкото работење ги извршува Виш референт од Службата за општи и


*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311*

заеднички работи во Владата, кој е благајник за Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија и Секретаријатот за европски прашања. Работното место ликвидатор е непополнето.

Во услови на постоечкото контролно опкружување и организациона поставеност на Секретаријатот за европски прашања, не е овозможено целосно следење на функционирањето на интерните контроли. Контролниот систем е незадоволителен, и оценет е висок ризик за исполнување на задачите на соодветно ниво на квалитет.

10.1.5. По основањето на Секретаријатот за европски прашања, вработените се распоредени на работни места според Правилникот за систематизација, со која треба да се обезбеди разграничување на должностите и одговорностите и функционирање на востановените контроли.

Поради нејасно дефинирање на процедурите за превземање на државни службеници во новоформиран орган во Законот за државни службеници, од една страна, и нецелосно спроведување на оние што се дефинирани од друга страна, во текот на ревизијата, дел од вработените добија решенија за пониски работни места со што одредени раководни места не се пополнети (наод во точка 10.2.1).

Во услови на постоечкото контролно опкружување неизвесно е дали контролните постапки ќе функционираат ефективно во практиката, дотолку повеќе што нема вработени лица (раководители на одделенија, сектори) редовно да следат дали секој учесник во системот ги исполнува своите работни задачи на начин како што е предвидено.

10.1.6. Не е воведена внатрешна ревизија, која според Законот, е независна објективна активност, со цел да му помогне на раководството во проценка и подобрување на успешноста во процесите на управување со ризикот од злоупотреби и грешки и обезбедување правилна примена на важечките законски прописи.

**Препораки и мерки**

- ✓ Зајакнување на факторите што го дефинираат општото контролно опкружување, со посебен акцент на:
  - Етички вредности, интегритет и стил на работење на раководството (користење кодекс на однесување, процедурални прирачници и слично)
  - Методата на доделување овластувања и одговорности,
  - Контролниот систем на раководството и следење на успешноста на работењето,
  - Метода на контрола на примената на законите и прописите,
  - Функционирање на надзорните тела,
  - Ефективност на внатрешната ревизија,
  - Персонални политики и практика (задржување на компетентен персонал, политики за вработување и обука)
  - Надворешни влијанија врз субјектот.

## 10.2. Неусогласеност на законските прописи

10.2.1. Со основање на Секретаријатот за европски прашања, се укина Секторот за евроинтеграција во Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, а вработените од секторот, по добиените решенија за престанок на вработувањето во Генералниот секретаријат, со Спогодба се превземени во Секретаријатот за европски прашања и распоредени на работни места според

Правилникот за систематизација, за кој Агенцијата за државни службеници дала позитивно мислење.

Ревизијата констатира постоење на процедурални пропусти поради неусогласеност на законските прописи како и нецелосно дефинирање на процедурите за превземање на државни службеници во новоформиран орган. Имено,

- Секретаријатот за европски прашања се основа со измена на Законот за Владата на Република Македонија, со кој е утврдено превземање на сите вработени и опремата;
- Донесени се решенија за престанок на вработувањето односно укинување на работните места, заради структурни промени во органите, според Законот за државни службеници;
- По донесените решенија за престанок на вработувањето, вработените се превземени со Спогодба за превземање, што е спротивно на Законот за државни службеници, согласно кој, со Спогодба може да се превземаат само вработени лица;
- Превземените вработени се распоредени на работни места, според Правилникот за систематизација, освен две лица кои немаат соодветно работно искуство, предвидено со Правилникот, за работните места за кои се распоредени. Ревизијата констатира дека во Законот за државни службеници не е дефинирано работното искуство потребно за соодветно работно место.

Во функција на прецизирање на спроведената постапка и разграничување на одговорноста на субјектите кои се дел од истата, ревизијата се обрати до Агенцијата за државни службеници и побара појаснување на следното:

- дали постојат критериуми за определување работно искуство при одобрување на одредено звање во Правилниците за систематизација;
- дали членот 20 од Законот за државни службеници, во кој е предвидено за вработување со Спогодба за превземање (без јавен оглас) да се бара претходна согласност на Агенцијата, се однесува и за вработени кои со Спогодба се превземаат во новоформиран орган, од дел на веќе постоечки орган,
- на какви работни места во новоформиран орган може да се распоредат вработените превземени со Спогодба за превземање;
- дали за унапредување на државните службеници во органите каде се вработени треба да се спроведе постапка за ново вработување.

До денот на изготвување на овој извештај Агенцијата за државни службеници не достави одговор на поставените прашања.

**Препораки и мерки**

- ✓ Во Законот за државни службеници да се прецизира постапката за превземање и распоредување на државните службеници во нов државен орган, основан со закон.
- ✓ Агецијата за државни службеници да ги преиспита критериумите за одредување на потребното работно искуство по работни места односно звања.
- ✓ Агецијата за државни службеници пред да издаде согласност на Правилникот за систематизација, да го земе предвид мислењето на Министерството за финансии, за фискалните импликации кои истиот ги предизвикува.

## 10.3. Неправилности во искажување на билансните позиции

10.3.1. Со увид во Билансот на состојба, ревизијата не се увери во реалноста на позицијата Материјални средства во износ од 18,845 илјади денари. Имено, поради неизготвен делбен биланс помеѓу Секретаријатот за европски прашања и Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, извршениот попис на средствата и нивните извори со состојба 31.12.2006 година, не е во согласност со одредбите од Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници, од аспект на:

- неизвршено усогласување на состојбата на средствата и нивните извори искажани во сметководството со фактичката состојба утврдена со пописот;
- неизготвен Извештај за извршениот попис.

По иницијатива на Секретаријатот за европски прашања формирани се работни групи задолжени за вршење попис на опремата, инвентарот и документацијата користени од поранешниот Сектор за европска интеграција на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија и записничко примопредавање на истите на Секретаријатот за европски прашања. Од извршениот увид на работните групи - физички попис, изготвени се пописни листи врз основа на кои, лицето одговорно за материјално финансиско работење во Службата за општи и заеднички работи има изготвено преглед за основни средства кои припаѓаат на Секретаријатот за европски прашања како нова организациона единица. Прегледот е доставен до Генералниот секретар на Влада на РМ и Директорот на Службата за општи и заеднички работи, кои треба да потпишат Решение за делбен биланс.

Во сметководството на Секретаријатот за европски прашања се евидентирани средства набавени и донирани во текот на 2006 година. Дел од средствата се користат кај други буџетски корисници, но на крајот од годината, не се добиени пописни листи од корисниците на средствата како доказ дека е извршен попис на истите, што е спротивно на одредбите од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници.

**Препораки и мерки**

- ✓ Генералниот секретар на Влада на РМ и Директорот на Службата за општи и заеднички работи да превземат активности за донесување Решение за делбен биланс.
- ✓ Во услови кога дел од средствата се на користење кај други буџетски корисници, не се затечени на денот на попишувањето и не се добиени пописни листи од субјектот каде се наоѓаат истите, да се попишат во посебни пописни листи.

## 10.4. Законско и наменско користење на средствата

10.4.1. Со увид во расходите за репрезентација, ревизијата не можеше да се увери во оправданоста на направените расходи, бидејќи корисниците на угостителски услуги, спротивно на одредбите во интерниот акт за регулирање на правото на користење репрезентација, секогаш не го наведуваат карактерот на службената потреба.

Ревизијата смета дека точката 7 од Решението за користење на угостителски услуги, е неприменлива бидејќи во Секретаријатот за европски прашања нема државен секретар за да издава писмени одобренија за услугите кои се користат

во други угостителски објекти и надвор од утврдениот износ, што е предвидено со истата. Местото државен секретар е систематизирано, но е непополнето. Непостоењето на контролни постапки може да доведе до злоупотреба на овластувањата и неекономично трошење на средствата.

10.4.2. Ревизијата не се увери во оправданоста на потрошените средства за дневници за службени патувања во странство, бидејќи исплатени се дневници во поголем процент од предвидениот со Уредбата за издатоци за службени патувања во странство, во случај кога издатоците за сместување и исхрана се обезбедени.
Ревизијата смета за потребно да обрне внимание дека во Уредбата за издатоци за службени патувања во странство не е дефинирано дали органот на управа треба да исплаќа дневница во случај кога организаторот покрај трошоците за сместување и исхрана го обезбедува истиот надомест.

**Препораки и мерки**

- ✓ Да се издаваат писмени одобренија во кои е наведен карактерот на службената потреба.
- ✓ Решенијата за службени патувања да се изготвуваат во согласност со Уредбата за издатоци за службени патувања во странство.
- ✓ Уредбата за издатоци за службени патувања во странство да се дополни со одредба која предвидува ослободување на органот на управа од обврска за плаќање дневница во случај кога истиот надомест го обезбедува организаторот.

11. Според наше мислење, поради значајноста на наодите изнесени во точката 10.1 за сметката за редовно работење, сметководствениот и интерниот контролен систем на информациските системи, не функционира соодветно и ефективно.

12. Според наше мислење, поради значајноста на наодите изнесени во точката 10.3 за сметката за редовно работење, финансиските извештаи на Секретаријат за европски прашања за 2006 година не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба и резултатот од финансиските активности во однос на важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, освен наодите изнесени во точката 10.4 за сметката за редовно работење, остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи.

**Скопје, 06/06/2007 година** **Овластен државен ревизор**



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311*

**Секретаријат за европски прашања**
**Средства од буџетот на РМ**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2006 година**

| | | | во 000 денари |
|---|---|---|---|
| **Опис** | **Образложение** | **2006** | **2005** |
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 75,084 | 0 |
| **Вкупно приходи** | | **75,084** | **0** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1 | 26,137 | 0 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.2.2 | 30 | 0 |
| Стоки и услуги | 3.2.3 | 36,957 | 0 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.4 | 4,195 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **67,319** | **0** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3 | 7,765 | 0 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **7,765** | **0** |
| **Вкупно расходи** | | **75,084** | **0** |

**Секретаријат за европски прашања**
**Средства од буџетот на РМ**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

**во 000 денари**

| Опис | Образложение | 2006 | 2005 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Побарувања од вработените | 4.1.1 | 23 | 0 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.2 | 4,224 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | | **4,247** | **0** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.2.1 | 18,845 | 0 |
| **Вкупно постојани средства** | | **18,845** | **0** |
| **Вкупна актива** | | **23,092** | **0** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1 | 1,805 | 0 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.2 | 2,419 | 0 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.3 | 23 | 0 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **4,247** | **0** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4 | 18,845 | 0 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **18,845** | **0** |
| **Вкупна пасива** | | **23,092** | **0** |



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311*